# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | **месец** | | | **во %** | |
| **Трошоци на животот** | VIII.2003 | - | 0,1 | 2,2 | 0,8 |
| **Цени на мало** | VIII.2003 | - | 0,1 | 3,2 | 2,3 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | VIII.2003 | - | 0,3 | -0,8 | 0,0 |
| **Индустриско производство** | VIII.2003 | - | -22,7 | -7,3 | 3,7 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | VII.2003 | 11.839 | -0,2 | 3,1 | 6,2 |
| **Реална просечна нето плата** | VII.2003 | - | 0,0 | 0,8 | 5,6 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | VIII.2003 | 3.631 | -31,0 | -28,2 | -6,3 |
| **Буџетски расходи** | VIII.2003 | 4.073 | 13,0 | -22,5 | -17,3 |

Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

*Во август 2003 година беше регистрирана минимална месечна стапка на инфлација (0,1%)...*

По регистрираните дефлаторни движења во изминатите два месеца, во август 2003 година, трошоците на животот како мерка за стапката на инфлација, беа речиси непроменети на месечна основа (минимален пораст од 0,1%). Тоа се должи на дивергентните движења во структурата на индексот на тошоците на животот. Така, остварениот пораст на трошоците кај категоријата облека и обувки и категоријата сообраќајни средства и услуги, не беше целосно неутрализиран со регистрираниот пад кај категоријата исхрана и категоријата хигиена и здравје, додека кај останатите категории трошоците се задржаа на нивото од претходниот месец. На годишна основа, трошоците на животот беа повисоки за 2,2%, а остварената просечна стапка на инфлација од 0,8% бележи растечки тренд и истата се должи на порастот на трошоците за услуги (за 5,7%), со оглед на падот на трошоците за стоки (за 0,1%).

*...при растечка просечна стапка на инфлација*

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*И цените на мало во август 2003 година остварија минимален месечен пораст (0,1%)*

Во август 2003 година, цените на мало остварија идентичен пораст како и трошоците на животот (од 0,1%). Порастот се должи на зголемените цени на непрехранбените-индустриски производи за 0,6% (главно поради повисоките цени на нафтените деривати за 1,4%, согласно одлуката на Владата и повисоките цени на обувките за 2,6%) и индустриско-прехранбените производи за 0,3%. Од друга страна, цените на земјоделските производи беа пониски за 2,8%, што главно произлегува од сезонското намалување на цените на овошјето (за 6,4%) и зеленчукот (за 3,3%). Структурно анализирано, цените на стоките беа повисоки за 0,2% на месечна основа, додека цените на услугите се задржаа на нивото од претходниот месец. На годишна основа и во просек, цените на мало беа повисоки за 3,2% и 2,3%, соодветно, што се должи на високиот пораст на цените на услугите.

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




***Цените на производителите на индустриски производи во август 2003 година беа повисоки за 0,3% на месечна основа...***

Кај цените на производителите на индустриски производи во август 2003 година беше регистриран мал месечен пораст од 0,3%. Тоа се должи на зголемените цени на производителите на енергија за 1,4%, со оглед на падот на цените на производителите на непрехранбени производи за широка потрошувачка од 0,1% и непроменетоста на цените кај останатите главни групи на производи. Секторски набљудувано, во секторот преработувачка индустрија е регистриран пораст на цените од 0,3%, додека во останатите два сектора цените беа на нивото од претходниот месец. Порастот на цените во преработувачката индустрија се должи на зголемените цени на производителите на нафтени деривати за 4,1%, при минимален пад на цените на производителите на прехранбени производи и пијалоци од 0,1% и непроменето ниво на цени во останатите 17 гранки од преработувачката индустрија.

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)




***...и непроменети на кумулативна основа***

На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи беа пониски за 0,8%, што се должи на пониските цени на производителите на енергија за 1,5% (поради пониските цени на производителите на нафтени деривати за 4,1%), кои воедно се и главна детерминанта на намалувањето на просечната стапка на овие цени. Така, просечната стапка на пораст од почетокот на годината бележи постепено опаѓање, така што во првите осум месеци на 2003 година, во однос со истиот период од претходината година, просечното ниво на цени на производителите на индустриски производи се задржа непроменето.